# ДОДАТОК VIII

# ОПИС НА ТЕХНОЛОГИИТЕ И ДРУГИТЕ ТЕХНИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЛИ ДОКОЛКУ ТОА НЕ Е МОЖНО НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ МАТЕРИИ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „ФРЕШ ФАРМ“ ДОО увоз - извоз, Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК VIII**

## ОПИС НА ТЕХНОЛОГИИТЕ И ДРУГИТЕ ТЕХНИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЛИ ДОКОЛКУ ТОА НЕ Е МОЖНО НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ МАТЕРИИ

### СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 3

VIII.1.Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот ..... 3

VIII.1.1. Мерки за намалување на загадувањето на воздухот ..... 3

VIII.1.2. Мерки за намалување на загадувањето на површинските и подземни води 5

VIII.1.3. Мерки за намалување на загадувањето на почвата ..... 5

VIII.1.4. Мерки за управување со отпадот ..... 6

VIII.2.Мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот ..... 7

VIII.2.1. Селекција на отпад ..... 7

VIII.2.2. Собирање и преземање на генерираниот екскрет од живината за производство на биогас ..... 7

VIII.2.3. Станица за третман на отпадни санитарни води ..... 7

## ВОВЕД

Во технолошкиот процес на одгледување на пилиња и кокошки несилки за добивање на готов производ свежо конзумно јајце, применети се низа мерки за спречување, или намалување на емисиите врз животната средина од процесот. Мерките за спречување главно се однесуваат на инсталирање на целосно нова современа опрема со подобрени перформанси во однос на обезбедување на благосостојба на живината и минимизирани емисии во животната средина.

Мерките за намалување на емисиите се однесуваат на применетите системи за пречистување на отпадните санитарни води, правилно постапување со генерираниот отпад и минимизирање на емисиите од генерираниот екскрет од живината.

### VIII.1. Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот

#### VIII.1.1. Мерки за намалување на загадувањето на воздухот

Инсталираната опрема за одгледување на живина и производство на јајца е дизајнирана како нова современа технологија согласно најдобрите достапни техники за минимизирање на емисиите врз животната средина.

Системите за ладење и вентилација на објектите, како и загревањето на одгледувалиштето за пилиња, се димензионирани така да ги обезбедат потребните услови за благосостојба на живината, притоа обезбедувајќи циркулација и размена на воздухот во одгледувалиштата, соодветна температура, притисок и релативна влажност.

Во одгледувалиштата за живина се користи комби – тунелска вентилација како комбинација на два система на вентилација во еден објект. Тоа овозможува штедење и ниска инвестиција во споредба со двата независни системи:

- при ниски температури вентилацијата работи во страничен режим и допринесува за рамномерна температура низ објектите.
- при високи температури вентилациониот систем работи во режим на тунел со што се постигнува висок ефект на ладење со мала потрошувачка на енергија.

Во одгледувалиштето за пилиња, се инсталирани генератори на топол воздух кои како гориво користат дизел гориво. Како резултат на согорувањето, ќе се создадат дифузни емисии на загадувачки супстанции, кои поради честите измени на воздухот во одгледувалиштето, ќе бидат незначителни и нема да бидат закана за здравјето и благосостојбата на живината.

Инсталираниот систем за изѓубрување на екскретот од живината, е дизајниран на начин што овозможува автоматско чистење на екскретот од живината, со помош на вградени

системи за изѓубрување. Екскретот со помош на скрепери се собира (повлекува) од канали поставени долж кафезите (под секој кафез се наоѓа канал за собирање на екскретот, кој по слободен пад паѓа од кафезите) и паѓа на транспортни ленти за собирање на екскрет, изработени од полипропилен и отпорни на топлина. Лентите служат за собирање на екскрет под сите кафези на сите нивоа. Екскретот може да се суши на лентите до 5 дена. Преку хоризонтална транспортна лента долга 13 m поминува низ подолжни бетонски канали со димензии 1,2 m x 12,5 m x 0,8 m (ширина x должина x длабочина). Од хоризонталниот транспортер, екскретот како сува ѓубриво паѓа на вертикален надворешен транспортер, со должина од 9 m, преку кој се полни во тракторски приколки и кипер камиони и два пати неделно се носи до биогасната централа во Градско за добивање на биогас, со која Операторот има склучено Договор на 15 години. Со примена на оваа мерка, нема складирање на екскрет во инсталацијата, туку веднаш се собира и транспортира за производство на биогас, што придонесува за елиминирање на непријатната миризба од истиот.

При проектирањето на поставеноста на објектите во инсталацијата, земени се во предвид климатските карактеристики, розата на ветрови и количината на врнежи за локацијата, како и близината од населените места.

Операторот ги има имплементирано следните мерки со цел намалување и ублажување на влијанијата врз амбиенталниот воздух:

- Складирањето на суровините и помошните материјали се врши во согласност со пропишаните процедури, во соодветни складови (силоси) и простории и овие постапки се редовно контролирани;
- Времето на складирање на суровините е во согласност со барањата на производниот процес;
- Редовна контрола на оперативноста на системите за вентилација и процесната опрема (пумпи, транспортери, системи за хранење и поење на живината, и сл.);
- На крајот на секој турнус ќе се врши суво чистење на внатрешноста на одгледувалиштата со што нема да има разнесување на прашината;
- Континуирано собирање на екскрет (2 пати неделно) директно во камиони и транспорт во биогасна централа во Градско, со што се избегнува негово складирање во рамки на живинарската фарма;
- Покривање на екскретот по собирањето и за време на транспортот за да се спречи разнесување на истиот;
- Редовно одржување и чистење на генераторите на топол воздух и оптимално искористување на горивото
- Редовни проверки на исправноста на системот за изѓубрување;

- Проверки на функционалноста на вентилациониот систем на секое одгледувалиште;

### VIII.1.2. Мерки за намалување на загадувањето на површинските и подземни води

При проектирање на објектите и инфраструктурата на Фреш Фарм, во предвид се земени сите можни негативни влијанија на квалитетот на подземните води. Постојниот експлоатационен бунар од кој се користат водите за потребите на живинарската фарма, е лоциран во северниот дел на соодветно растојание од објектите за одгледување на живина со што е обезбедена соодветна заштита на подземните води.

Операторот ќе ги презема следните мерки за заштита на водите:

- Задолжителна контрола на хемиската и бактериолошката исправност на водата од експлоатациониот бунар (задолжителна контрола на фосфатите, азотот и ВОЈ) два пати годишно;
- Ефикасно користење на водата во инсталацијата: водење евиденција за потрошените количини на вода во инсталацијата, навремено откривање и санирање на дефекти што предизвикуваат протекувања на вода, минимизирање на користењето на вода.
- Инсталирана е пречистителната станица за третман на фекални отпадни води
- Редовно одржување на функционалноста на инсталираната ПСОВ и собирање на пречистените води за полевање на зеленилото
- Редовен мониторинг на параметрите за квалитет на водата на излез од ПСОВ (pH, суспендирани честички, $БПК_5$, ХПК, растворен кислород, сув филтриран остаток на 105 °C, амонијак, нитрити, нитрати, стрептококи кои потекнуваат од фекалии и Escherichia coli);
- Генерираниот екскрет континуирано се собира и транспортира, за да се избегнат можни влијанија врз подземните води преку контаминација на почвата;
- Собирање и реупотреба на атмосферски води за наводнување.

### VIII.1.3. Мерки за намалување на загадувањето на почвата

Во рамки на инсталацијата, дворната површина и патеките за движење на товарните возила за дотур на суровини, изнесување на отпад и преземање на готов производ се тампонирани и асфалтирани.

Сервисирањето на возниот парк се врши исклучиво во сервис, каде што се врши и промена на моторното масло, и нема емисии во почвата.

Атмосферски води се одведуваат во собирна јама од каде се користат за полевање на зеленилото.

Отпадните санитарни води од вработените во инсталацијата се пречистуваат во пречистителна станица. Во контакт со почвата доаѓаат само пречистените води и атмосферските води собрани во јамата, кои се користат за наводнување на дворното зеленило.

Операторот ги има преземено следните мерки со цел намалување на загадувањето на почвата:

- Правилно складирање и ракување со суровини и репроматеријали, вклучувајќи и процедури за постапување;
- Континуирано собирање на екскретот преку систем на транспортери директно во камиони и транспорт во биогасна централа во Градско, со што се избегнува негово складирање во рамки на живинарската фарма и спречување на потенцијално загадување на почвата.
- Преку примена на предложените мерки за заштита на водите и воздухот дополнително ќе се спречи и индиректното загадување на почвата со загадувачки материи.

### VIII.1.4. Мерки за управување со отпадот

Во однос на управување со отпадот кој се создава во рамки на живинарската фарма, Операторот ги има преземено следните активности:

- Воспоставување и следење на процедури за управување со отпадот;
- Вршење на редовни обуки на вработените за правилно постапување со различните фракции на отпад кој се создава;
- Назначување на одговорно лице за управување со отпадот;
- Суво чистење на одгледувалиштата на крајот на секој турнус;
- Собирање на екскретот и транспорт до биогасна централа 2 пати неделно;
- Редовна селекција на отпадот на местото на создавање по фракции и привремено складирање на секоја фракција до нејзино финално преземање од страна на овластен постапувач;
- Склучени договори за преземање на секоја фракција на отпад која се создава во рамките на живинарската фарма со лиценцирани компании за преземање на соодветниот тип на отпад и нивно ажурирање;
- Поставување на садови за различните типови на отпад на соодветни локации во рамките на живинарската фарма и нивно означување со шифра на отпад.

## VIII.2. Мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот

### VIII.2.1. Селекција на отпад

Во рамки на живинарската фарма се врши редовна селекција на генерираниот отпад по фракции и привремено складирање до негово преземање од страна на овластени постапувачи. За поефикасно управување со отпадот, Операторот спроведува редовни обуки на своите вработени за правилно селектирање и времено складирање на одделните фракции на отпад кои се создаваат во Фреш Фарм (пр. угинати животни, екскрет, отпад од пакување и сл.).

### VIII.2.2. Собирање и преземање на генерираниот екскрет од живината за производство на биогас

Инсталираниот систем за отстранување на екскретот од живината, е дизајниран на начин што овозможува автоматско чистење на екскретот од живината, со помош на вградени системи за изѓубрување. Екскретот со помош на скрепери се собира (повлекува) од канали поставени долж кафезите (под секој кафез се наоѓа канал за собирање на екскретот, кој по слободен пад паѓа од кафезите), од каде паѓа на транспортни ленти за собирање на екскрет. Лентите служат за собирање на екскрет под сите кафези на сите нивоа. Екскретот може да се суши на лентите до 5 дена. Преку хоризонтална транспортна лента долга 13 m поминува низ подолжни бетонски канали со димензии 1,2 m x 12,5 m x 0,8 m (ширина x должина x длабочина). Од хоризонталниот транспортер, екскретот како сува ѓубриво паѓа на вертикален надворешен транспортер, со должина од 9 m, преку кој се полни во тракторски приколки и кипер камиони и два пати неделно се носи до биогасната централа во Градско за добивање на биогас, со која Операторот има склучено Договор на 15 години. Со примена на оваа мерка, нема складирање на екскрет во инсталацијата, туку веднаш се собира и транспортира за производство на биогас, што придонесува за елиминирање на непријатната миризба од истиот.

### VIII.2.3. Станица за третман на отпадни санитарни води

Генерираните санитарни отпадни води од вработените се пречистуваат во инсталирана ПСОВ за санитарни води. Типот на пречистителната станица е **SBR – REG 8**, со оптоварување од 7 до 10 еквивалент жители и капацитет од 1,2 $m^3$/ден. Приклучувањето на објектот на пречистителната станица е преку фекален приклучок од Ø=150 mm.

Квалитетот на водите на излез од ПСОВ се контролира и пречистените води се реупотребуваат за наводнување на зеленилото во рамки на живинарската фарма, со што не се создаваат емисии во медиумите на животната средина.